

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец мај 2023

Датум: 15.06.2023
Сектор за инвестиции

Арх. Бр. 09-1344
15.06.2023 година

SAVA PENZISKO

## Содржина


1. УНИБанка АД Скопје ..... 3
2. ВВ Тиквеш АД Кавадарци ..... 7
3. Македонски Телеком АД Скопје ..... 11
4. Витаминка АД Прилеп ..... 15
5. Фершпед АД Скопје ..... 21
6. Прилепска Пиварница АД Прилеп ..... 26

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец мај 2023 година, се одржаа акционерски собранија на УНИБанка АД Скопје, ВВ Тиквеш АД Кавадарци, Македонски Телеком АД Скопје, Витаминка АД Прилеп, Фершпед АД Скопје и Прилепска пиварница АД Прилеп, компании во кои задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

# 1. УНИБанка АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИБанка АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **УНИБанка АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,987%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,26%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 04.05.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот;<br>2. Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона | |

| | |
|---|---|
| | Банка во 2022 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;<br>3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, со Предлог Одлука за усвојување;<br>4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;<br>5. Предлог Одлука за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;<br>6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);<br>7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница – Прва емисија;<br>8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница – Втора емисија;<br>9. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година;<br>10. Разгледување на Деловник за работа на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје со Предлог Одлука за усвојување;<br>11. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка Ад Скопје.<br>12. Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје. |
| *Претставници на Собранието* | Игор Радовски |

**II. УНИБанка АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИБанка АД Скопје, се одржа на 04.05.2023 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИБанка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот;

   **Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка во 2022 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;

   **Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, со Предлог Одлука за усвојување;

   **Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2022 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;

   **Претставникот гласаше ЗА**

5. Предлог Одлука за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година;

   **Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);

   **Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница- Прва емисија;

   **Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на перпетуална обврзница – Втора емисија;

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Разгледување на Деловник за работа на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје со Предлог Одлука за усвојување;

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка Ад Скопје;

**Претставникот гласаше ЗА**

12. Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИБанка АД Скоје

На акционерското собрание, со лично присуство и со полномошно, беа претставувани акционери кои поседуваа 81,19% од акциите со право на глас.

Првично се усвои дневниот ред на акционерското собрание, по што се премина на гласање по точките од процедуралниот дел. Во Работниот дел од собранието, акционерите позитивно се изјаснија и се усвоија Годишниот извештај за работењето на УНИБанка АД Скопје, Годишната сметка, Извештај од извршена ревизија на УНИБанка АД Скопје за 2022 од Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје. Понатаму, се стави на гласање и предлог Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка за период од 01.01.2022 до 31.12.2022, со која се предлага 50 милиони денари да се распределат во реинвестирана добивка, 31,5 милиони денари за исплата камата на перпетуална обврзница, 154,5 милиони денари за дивиденди и 105,1 милиони денари како останати резерви. Акционерите позитивно се изјаснија и по оваа точка, со што се усвои и одлуката за определување на дивиденда и дивидендниот календар за 2022 година. Следните две точки беа по основ на исплата на камата на имателите од првата и втората емисија на перпетуалната обврзница, кои исто така се усвоија. Во наредните точки се усвои и предлогот за именување на Друштво за ревизија за 2023 година, Деловникот за работа на Собранието на акционери, предлог Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на УНИБанка АД Скопје, и како последна точка се усвои и предлог Одлуката за исплата на награда на членовите на Надзорниот Одбор на УНИБанка АД Скопје.

Сава пензиско друштво АД Скопје, гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на акционерите претставувани на ова акционерско собрание.

Во ревидираните финансиски извештаи на УНИБанка АД Скопје ревизорот изразил позитивни мислење и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на Банката.
Во 2022 година Нето каматните приходи изнесуваат 971,1 милион денари, а нето приходите од провизија се во висина од 319,6 милиони денари и во однос на 2022 година забележале зголемување за 15,8% и 38,6% соодветно.
Банката во 2022 година оствари нето добивка од 341,2 милиони денари и бележи раст од 56,4% во однос на 2022 година, кога нето добивката изнесуваше 218,2 милиони денари.
Износот издвоен како Исправка на вредноста на финансиските средства е 414,1 милион денари, а ставката Останати приходи од дејноста е со вредност од 144 милиони денари.
Вкупната актива заклучно со 31.12.2022 година изнесува 25,9 милијарди денари, и е зголемена за 1,9 милијарди денари во однос на 2022 година, односно за 7,9%. Најголем дел од растот на активата се должи на растот на кредитите за 775 милиони денари, раст на паричните средства за 549 милиони денари и раст на вложувањата во хартии од вредност за 504 милиони денари.
Депозитите на комитентите, заклучно со 31.12.2022 година, изнесуваат 19,54 милијарди денари, и се на приближно исто ниво како и во 2022 година.
УНИБанка АД Скопје годината ја заврши со стапка на адекватност на капиталот од 17,85%, што е над регулаторното барање за одржување на стапка од 14,75%.

Откако се усвои и последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.

## 2. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. ВВ Тиквеш АД Кавадарци**

| *Име на акционерското Друштво* | **ВВ Тиквеш АД Кавадарци** | |
|---|---|---|
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,80%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,10%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 29.05.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | Усвојување Записник од Собранието на акционери од 31.05.2022 година.<br><br>1. Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на | |

| | |
|---|---|
| | ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2022 година, Финансиските извештаи за работењето за 2022 година, Завршната сметка и резултатите од работењето за 2022 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2022 година и донесување на одлуки за следново:<br><br>• Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година<br>• Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа Мур Стивенс Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година<br>• Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2022 година<br>• Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година<br>• Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година<br>• Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година<br><br>2. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2023 година |

| | |
|---|---|
| *Претставници на Собранието* | Игор Радовски |

II. ВВ Тиквеш АД Кавадарци

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на ВВ Тиквеш АД Кавадарци се одржа на 29.05.2023 година со почеток во 12:00 часот во седиштето на подружницата Управа во Скопје, на улица Димче Беловски бр.2, Гази баба Скопје.

Претставникот на Сава Пензиско Друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци гласаше на следниот начин:

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 31.05.2022 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

**Работен Дел:**

1. Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2022 година, Финансиските извештаи за работењето за 2022 година, Завршната сметка и резултатите од работењето за 2022 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2022 година и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа Мур Стивенс Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година и Конечни ревидирани консолидирани извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци во 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на ВВ Тиквеш АД Кавадарци

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за негово одржување, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 85,06% од акциите со право на глас.

На акционерското собрание едногласно беа усвоени сите точки од дневниот ред, т.е. присутните акционери гласаа „ЗА" за усвојување на Завршната сметка, Финансиските извештаи, Извештајот на Службата за внатрешна ревизија. Се одобри работата на Управниот одбор и Надзорниот одбор. Понатаму, се избра ревизорската куќа Мур Стивенс за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за ВВ Тиквеш АД Кавадарци за 2023 година.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласајќи "ЗА" го поддржа донесувањето на одлуките од Дневниот ред.

Во објавените ревидирани поединечни и консолидирани финансиски извештаи, за 2022 година, ревизорот има изразено позитивно мислење т.е. смета дека ревизорските извештаи објективно ја претставуваат материјалната и финансиска состојба на компанијата.
Тиквеш АД Кавадарци, во 2022 година, оствари консолидирани приходи од продажба во износ од 2.229 милиони денари, и во однос на 2021 година се зголемени за 16,2%. Растот на приходите придонесе бруто добивката во однос на 2021 годна да биде повисока за 15,5%, а оперативната добивка и нето добивката да се зголемат за 37,8% и 40,8% соодветно.
Вкупните средства на 31.12.2022 година изнесуваат 3.910,3 милиони денари и се повисоки 11% во однос на претходната година. Растот се должи пред се на повисоките материјални средства и раст на ставката Дадени заеми. Вкупните обврски на Групацијата Тиквеш, заклучно со 31.12.2022 година, изнесуваат 1.574 милион денари од кои 914,4 милиони денари се обврски спрема добавувачи, а 561 милиони денари се обврски по основ на кредити.
Во поглед на инвестициите Тиквеш во 2022 година инвестирал 1,3 милиони евра во недвижности, постројки и опрема.

Во однос на ЕСГ стандардите компанијата покажуваат одредена општествена одговорност преку спонзорства и покровителства, инвестиции во соларни панели и прочистителни станици. Посветеноста на Тиквеш на еколошката одржливост е и причина поради која винарницата, ја поставува целта да биде првата зелена винарница во регионот која имплементира ESG стандарди. Тиквеш е првата винарница на Балканот што аплицираше за членство во меѓународниот клуб на еколошки одржливи винарници(International Wineries for Climate Action). Винарницата е активна и во делот на винската едукација, организирајќи сомелиерски работилници. Тиквеш е добитник и на бројни награди и признанија, а во 2022 година освои 98 награди и признанија.

Со усвојувањето и на последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.

# 3. Македонски Телеком АД Скопје

## 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава Пензиски фонд и ОДПФ Сава Пензија плус.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,97%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,65%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 30.05.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар;<br><br>**Работен дел:** | |

<table>
<tr><td></td><td>
1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2022 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br>
2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br>
3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;<br>
4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2022 година;<br>
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2022 година;<br>
6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2022 година и утврдување на дивиденден календар;<br>
7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2022 година;<br>
8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија и управување со ризици на Друштвото за 2022 година;<br>
9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година; и<br>
10. Предлог Одлука за реизбор и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.
</td></tr>
<tr><td>Претставници на Собранието</td><td>Горјан Анастасов</td></tr>
</table>

## II. Македонски Телеком АД Скопје

**ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ**

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 30.05.2023 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје, конференциска сала Атриум 2, 10. кат. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар;

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2022 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2022 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2022 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2022 година и утврдување на дивиденден календар;

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2022 година; и

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2022 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година; и

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Предлог Одлука за реизбор и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 3.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваат 86,779% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот на Сава пензиски фонд гласајќи “ЗА” го поддржаа донесувањето на одлуките од работниот дел на дневниот ред.
На собранието беа усвоени сите точки од дневниот ред, односно позитивно се гласаше за предлог- одлуките за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2022 година, за ревидираните финансиски извештаи за 2022 година, за Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2022 година, како и за распоредување на нето добивката за 2022 година.

Присутните акционери позитивно се изјаснија и за предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, со која се одобрува исплата на бруто дивиденда во износ од 19,34 денари по акција.

Македонски Телеком, заклучно со 31.12.2022 година, оствари приходи од 11.767,5 милиони денари, и нето добивка од 1.667,8 милиони денари. Приходите во однос на 2021 година забележаа раст од 5,1%, додека пак нето добивката забележа пад од 3,15%, што е главно поради зголемени нето-расходите од финансирање.
Вкупните средства изнесуваат 19.300 милион денари, а вкупните обврски се 4.377 милиони денари. Обврските на Телеком се обврски спрема добавувачите, односно компанијата нема

кредитна задолженост. Вкупниот капитал е во вредност од 14.923 милиони денари, од кој на акумулираната добивка припаѓа 6.691 милиони денари.

Во однос на ESG практиките, Македонски Телеком е предводник во општествената одговорност во нашата земја со основање на фондацијата Телеком за Македонија во 2002 година, чиј фокус се деца, особено од ранливи категории, со цел нивно помагање во образованието, развојот и животниот стандард. Заштитата на животната средина е дел од стратешката определба на компанијата и како нивна определба е директно намалување на емисијата на штетни гасови во сите сфери на нивното работење. Друштвото изготвува посебен извештај за Корпоративна општествена одговорност како дел од Deutsche Telekom групацијата.
Од компанијата изјавуваат дека се гарантираат правата и интересите на акционерите, обезбедуваат висока транспарентност на сопственичката структура, поделба на надлежностите, редовна и ефикасна контрола и ревизија, почитување на законите, етичките стандарди и практики, независност и објективност.

По точката 7 од дневниот ред, предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2022 година, се гласаше за секој член поединечно т.е. беше одобрена работата на: Зоран Китанов, Садула Дураку, Нина Ангеловска, Бардул Насуфи, Никола Љушев, Андреас Маиерхофер, Карој Швејнингер (со мандат до 25.01.2022), Диана Анамариа Веркоњи (со мандат од 25.01.2022), Борче Силјаноски, Владимир Ивановски, Лубор Жатко, Петер Фаил, Мартин Ренер, Шкодране Дарлишта и Аќиф Медиу.

По точката 10 од дневниот ред, повторно беше избран Владимир Ивановски, со мандат од 01.07.2023, додека мандатот на новите членови Данијела Бујиќ и Игор Милев започнува на 30.05.2023.
По усвојувањето на последната точка, Одлука за реизбор и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото, дневниот ред беше исцрпен и Претседателот на Собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.

# 4. Витаминка АД Прилеп

## 4.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Витаминка АД Прилеп**

| *Име на акционерското Друштво* | **Витаминка АД Прилеп** | |
|---|---|---|
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,63%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,054%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | |
|---|---|
| *Датум на одржување на Собранието* | 30.05.2023 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **1.1. Процедурален дел**:<br>1. Утврдување кворум за работа<br>2. Избор на бројачи на гласови<br>3. Избор на претседавач<br>4. Избор на записничар и заверувачи на записник (записникот го води нотар)<br><br>**2.2. Работен дел:**<br><br>1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2022 год<br>- Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршената контрола.<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишната сметка за 2022 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2022 година<br>2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари-декември 2022 година<br>- Годишен извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп во периодот јануари- декември 2022 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари-декември 2022 година<br>3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година<br>4. Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2022 година |

| | |
|---|---|
| | - Предлог- Одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2022 година<br>5. Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2022 година<br>- Предлог- Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2022 година<br>6. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2022 година<br>- Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори на Друштвото во 2022 година<br>7. Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2022 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2022 година<br>8. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година<br>- Предлог- одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година<br>9. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп<br>- Прелог- Одлука за стекнување сопствени акции со откуп<br>10. Донесување на одлука за отуѓување сопствени акции.<br>- Предлог- Одлука за отуѓување сопствени акции<br>11. Донесување Одлука за изменување на Одлуката за определување надоместок по состанок на членовите на Одборот на директори и одобрување учество во добивката на членови на Оперативен тим број 02-740/16 од 19.05.2022 година. |

| | |
|---|---|
| | - Предлог- Одлука за изменување на Одлуката за определување надоместок по состанок на членовите на Одборот на директори и одобрување учество во добивката на членови на Оперативен тим број 02-740/16 од 19.05.2022 година. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски<br>Игор Радовски |

**II. Витаминка АД Прилеп**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Витаминка АД Прилеп се одржа на 30.05.2023 година со почеток во 12:00 часот во новата работничка менза на Друштвото, на ул. „Леце Котески“ бр. 23, Прилеп.

Претставниците на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Витаминка АД Прилеп гласаа на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Утврдување кворум за работа
2. Избор на бројачи на гласови
3. Избор на претседавач
4. Избор на записничар и заверувачи на записник

**Претставниците гласаа ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година
   - Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршената контрола
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишната сметка за 2022 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2022 година
   - Годишен извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп во периодот јануари- декември 2022 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

4. Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2022 година
   - Предлог- одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

5. Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2022 година
   - Предлог- Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

6. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2022 година
   - Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори на Друштвото во 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

7. Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2022 година
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

8. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година
   - Предлог- Одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година

**Претставниците гласаа ЗА**

9. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп
   - Прелог- Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Претставниците гласаа ЗА**

10. Донесување на одлука за отуѓување сопствени акции.

    - Предлог- Одлука за отуѓување сопствени акции

**Претставниците гласаа ЗА**

11. Донесување Одлука за изменување на Одлуката за определување надоместок по состанок на членовите на Одборот на директори и одобрување учество во добивката на членови на Оперативен тим број 02-740/16 од 19.05.2022 година.

    - Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување надоместок по состанок на членовите на Одборот на директори и одобрување учество во добивката на членови на Оперативен тим број 02-740/16 од 19.05.2022 година

**Претставниците гласаа ЗА**

## 4.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Витаминка АД Прилеп

На Годишното акционерско собрание на П.И. Витаминка АД Прилеп се констатира дека на седницата на ова собрание се присутни акционери со право на глас 70,35% од вкупниот број на акции, со што се исполнети условите за одржување на Собранието.

Откако се утврди дека се исполнети условите за работа се премина кон гласање по точките од Процедуралниот дел. Изборот на бројачи на гласови како и изборот на претседавач беше поддржан од присутните акционери. По изгласувањето на Процедуралниот дел акционерите преминаа кон гласање по точките од Работниот дел.

По однос на првата точка од Работниот дел за збор се јави претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, и побара од менаџментот да ги искоментира резултатите на Витаминка АД Прилеп. За збор се јави Финансискиот директор, образложувајќи го работењето на компанијата, и даде свое видување за актуелните случувања и финансиската кондиција на Витаминка. Беше напоменато дека пред Витаминка претстои период на доспевање на поголем износ на обврски, за што се преземени мерки за консолидирање на трошоците и искористување на синергетските ефекти на Групацијата. Од страна на менаџментот се истакна дека компанијата во изминатите години инвестирала во фотоволтаична централа, од која во моментот задоволува околу 15% од потребите за електрична енергија, а во тек е инвестициски процес со кој би се удвоил капацитетот.

На Собранието се усвои Годишниот извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп за периодот јануари - декември 2022 година, Извештајот на членовите на Одборот на директори, се одобри работата на Одборот на директори, се усвои Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и извештајот за работата на Службата за внатрешна ревизија.

На собранието акционерите гласаа и за предлог Одлуката за откуп на сопствени акции, и предлог Одлуката за отуѓување на сопствени акции. Во предлог одлуката за откуп на акции е дефинирана минимална цена од 10.000 денари по акција, а максималната е 14.000 денари по акција

Претставниците на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаа ЗА по сите токи од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од присутните акционери на собранието.

Во објавените, поединечни и консолидирани, ревидирани финансиски извештаи на Витаминка АД Прилеп ревизорот изразил позитивно мислење и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиска состојба на компанијата.

Групацијата Витаминка АД Прилеп, во 2022 година, оствари приходи од продажба во вредност од 3.651 милиони денари, добивка од работењето од 121,2 милиони денари и нето добивка во

висина 69,8 милиони денари. Најголема расходна ставка е Материјали, енергија и резервни делови во вредност од 2.786 милиони денари, па потоа следат трошоците за вработените во висина од 427,1 милиони денари.

Заклучно со 31.12.2022 година вкупните средства изнесуваат 3.121,3 милиони денари, од кои 1.547 милиони денари претставуваат недвижности, постројки и опрема, а 85,2 милиони денари се вложувања во средства расположливи за продажба.

Вкупните обврски на Групацијата се искачија на 2.145,5 милиони денари, при што обврските по основ на краткорочни кредити изнесуваат 546,3 милиони денари, а задолженоста по основ на долгорочни кредити е во висина од 1.100,8 милиони денари. По однос на издадени гаранции од банки а за потребите за редовно работење, Витаминка е кредитно изложена во вредност од 57,8 милиони денари. Како гаранција за кредитите е заложен најголем дел од имотот на Групацијата.
Витаминка АД Скопје покажува висока општествена одговорно појавувајќи се како спонзор или поддржувач на настани и манифестации од културниот, образовниот и забавниот живот. Компанијата покажува филантропија и преку донација на храна, преку помош на загрозени семејства и поединци, преку спонзорство во здравството и спортот.
Друштвото презема и низа активности во делот на животната средина преку рециклирање и користење на обновливи и извори на енергија.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.

# 5. Фершпед АД Скопје

## 5.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Фершпед АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Фершпед АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,186%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,053%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.05.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>Избор на Претседавач со Собранието<br>Записничар (записникот го води Нотар) | |

| | |
|---|---|
| | Избор на бројачи на гласови<br>Усвојување на дневен ред<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2022 година.<br>- Предлог одлуки<br>2. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година.<br>- Предлог одлука<br>3. Донесување на одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар.<br>- Предлог одлука<br>4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година.<br>- Предлог одлука<br>5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година.<br>- Предлог одлука.<br>6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2022 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2022 година.<br>- Предлог одлука<br>7. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото, за 2022 година.<br>- Предлог одлука.<br>8. Донесување одлука за измена на статутот на друштвото.<br>- Предлог одлука<br>9. Донесување на одлука за избор на член на органот на управување. |

| | |
|---|---|
| | - Предлог одлука<br>10. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2023 година.<br>- Предлог одлука. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**II. Фершпед АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Фершпед АД Скопје се одржа на 31.05.2023 година со почеток во 12 часот во просториите на Хотел "Александар Палас" на бул. 8-ми Септември бр.15 во Скопје.

Сава пензиско друштво АД Скопје, преку коресподенција, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери а Фершпед АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

Избор на Претседавач со Собранието
Записничар (записникот го води Нотар)
Избор на бројачи на гласови
Усвојување на дневен ред

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2022 година.
   - Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2022 година

     **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

   - Одлука за одобрување на финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор

     **Претставникот гласаше ЗА**

   - Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Фершпед АД Скопје за деловната 2022 година

     **Претставникот гласаше ПРОТИВ**

2. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ПРОТИВ**

3. Донесување на одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ПРОТИВ**

5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2022 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2022 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ПРОТИВ**

7. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото, за 2022 година -Предлог одлука.

**Претставникот гласаше Воздржано**

8. Донесување одлука за измена на статутот на друштвото -Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Донесување на одлука за избор на член на органот на управување – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2023 година – Предлог одлука

**Претставникот гласаше ЗА**

## 5.1. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Фершпед АД Скопје

На акционерското собрание преку коресподенција, лично или преку полномошници беа претставувани акционери кои поседуваат 76,54% од акциите со право на глас.

Откако се констатира дека се исполнети условите за одржување на собранието, се премина на гласање по точите од Дневниот ред.

Во однос на првата точка од работниот дел од Дневниот ред за збор се јави Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, поздравувајќи го позитивниот исчекор направен од менаџментот на Фершпед да прифати дел од забелешките на ревизорот, и истовремено го повика да направи дополнителен напор за целосно нивно инкорпорирање во извештаите за 2023 година. Сава пензиско друштво АД Скопје очекува целосно почитување на сметководствените стандарди, односно финансиските извештаи треба во целост да ја претставувале фактичката состојба на компанијата.
Во ревидираните поединечни и консолидирани финансиски извештаи на Фершпед АД Скопје ревизорот изразил мислење со резерва, и образложение за основите за ваквото мислење. Забелешката на ревизорот се однесува на позицијата вложување во придружно друштво во вредност од 301,6 милиони денари, и вложувања некотирани на берза во вредност од 14,3 милиони денари. Споредено со претходната година бројот на ставките, за кои ревизорот изразил мислење со ревизорот, е намален. Забелешките на ревизорот, од изминатите години, кој се однесуваа за не наплатливост на побарувања во висина од 96,2 милиони денари, и не наплатливост на дадени позајмици во вредност од 283,6 милиони денари, во извештаите за 2022 година не се содржани.

Со оглед дека забелешката на ревизорот е со материјално значење Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше против одобрувањето на Годишната сметка, Распределбата на добивката, Извештајот на Одборот на директори и Годишниот извештај за работењето на Фершпед АД Скопје. Но, поради направениот прогрес во ревизорските извештаи, преку прифаќање на дел од забелешките на ревизорот, гласаше Воздржано за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори.
Претставникот на Друштвото гласаше позитивно за ревизорските извештаи, поради заложбите на ревизорот за објективно претставување на резултатите на групацијата Фершпед, и гласаше ЗА за исплата на бруто дивиденда од 550 денари по акција.
На собранието акционерите гласаа и по предлог одлука за измена на Статут и предлог одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори. Изменат на Статутот се однесува на број на членови на Одборот на директори, и измена во однос на донесување на одлуки. Со изгласување на Одлуката бројот на членови на Одборот на директори се зголеми од 5 на 6, а одлуките на ОД ќе бидат усвојување со мнозинство гласови, наместо едногласно.
За неизвршен член на Одборот на директори акционерите го избраа Игор Митев, по професија машински инженер и раководител на секторот ИКТ во Фершпед.

Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на мнозинството акционери претставувани на акционерското собрание.

Во објавените финансиски ревидирани извештаи Групацијата прикажа приходи од продажба во износ од 4,79 милијарди денари, добивка од работење во вредност од 104,5 милиони денари, и нето добивка од 94,6 милиони денари. Кај расходите доминантна ставка е Останати расходи од работење во вредност од 4 милијарди денари, а во неа најголемо учество имаат расходите за Транспорт и Царински услуги со удел од 95%.

Вкупните средства заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 2,5 милијарди денари, и се пониски за 13,5% во однос на 2021 година. Намалувањето се должи на ставката Побарување од купувачите и ставката Побарувања за краткорочни позајмици и депозити, кои се пониски за 134,2 милиони денари и 285,3 милиони денари соодветно. Вкупните обврски изнесуваат 270,6 милиони денари, и се пониски за 73,4 милиони денари во однос на 2021 година. Групацијата заклучно со 31.12.2022 година има обврска по основ на издадени гаранции од банки кон

повеќе доверители во висина од 430,5 милиони денари. За овие гаранции е заложен поголем дел од имотот на Групацијата.

Во Годишниот извештај Фершпед изјавува дека друштвото во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва, и ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративно управување. Како компанија Фершпед АД Скопје е посветен на одговорно управување со животната средина, а преку своите деловни активности има за цел да имплементира и одржува соодветен систем за управување и заштита на животната средина.

По изгласување и на последната точка од Дневниот ред Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Фершпед АД Скопје за затворено.

# 6. Прилепска Пиварница АД Прилеп

## 6.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. Прилепска Пиварница АД Прилеп**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Прилепска Пиварница АД Прилеп** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **12,19 %** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,26%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 31.05.2023 год. | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>- Отворање на Седницата на Собранието<br>- Избор на Претседавач на Собранието<br>- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови<br><br>**Работен дел:** | |

| | |
|---|---|
| | 1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК),<br>- Носење Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп<br>2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година<br>- Носење Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година<br>3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.<br>- Носење Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година<br>4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2022 година<br>- Носење Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2022 година.<br>5. Разгледување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година<br>- Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД Прилеп<br>6. Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2022 година |

| | |
|---|---|
| | 7. Предлог одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2022 година.<br>8. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2022 година<br>9. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2022 година<br>10. Носење на Одлука за стекнување сопствени акции со откуп<br>11. Носење на Одлука за назначување на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година. |
| *Претставници на Собранието* | Васко Богдановски |

**II. Прилепска Пиварница АД Прилеп**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп се одржа на 31.05.2023 година со почеток во 12:00 часот во ресторанот во седиштето на Друштвото ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, Прилеп.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Прилепска пиварница АД Прилеп гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

- Отворање на Седницата на Собранието
- Избор на Претседавач на Собранието
- Избор на бројач на гласови
- Избор на записничар, 2 (двајца) заверувачи на записникот и бројач на гласови

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК).
   - Носење Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2022 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година
   - Носење Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година.
   - Носење Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2022 година
   - Носење Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2022 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2022 година
   - Носење Одлука за усвојување на Годишната сметка на Прилепска пиварница АД Прилеп

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог - Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Носење на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2022 година

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Носење на Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Носење на Одлука за назначување на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2023 година

**Претставникот гласаше ЗА**

## 6.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Прилепска Пиварница АД Прилеп

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп, се пристапи кон избор на Работните тела. На собранието присуствуваа акционери со учество од 87,95% од акционерскиот капитал.

На акционерското собрание се презентираше Годишниот извештај, извештајот на Надзорниот одбор, ревидираните финансиски извештаи, но и годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија. На собранието, акционерите гласаа за распределба на остварената добивка, за Годишната сметка, за избор на овластен ревизор, како и одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од дневниот ред.

Во 2022 година Прилепска пиварница оствари приходи од продажба во вредност од 1.830 милиони денари, и нето добивка од 77,2 милиони денари. Споредено со остварувањата во 2021 година приходите се повисоки за 9,8%, но како резултат на повисоките трошоци нето добивката во однос на 2021 година е пониска за 16,7%.
Ставката трошоци за суровини и други материјали е најголема расходна ставка со 804,8 милиони денари, па потоа следат расходната ставка Набавна вредност на продадени стоки со 348,8 милиони денари и ставката Услуги со карактер на материјални трошоци со 330,6 милиони денари.

Во делот на билансот на состојба вкупните средства изнесуваат 2.483 милиони денари, и се пониски за 0,4% во однос на 2021 година. На 31.12.2022 година Прилепска Пиварница поседува парични средства на трансакциска сметка во вредност од 158,8 милиони денари.
Прилепска пиварница АД Прилеп нема обврски по кредити и заеми, а единствени обврски претставуваат обврските спрема добавувачите во висина од 114 милиони денари, и обврски за даноци и придонеси во вредност од 32,6 милиони денари.

И, во 2022 година компанијата продолжи со инвестициониот циклус и во тековната година стави во употреба инвестиции во вредност од 67,4 милиони денари.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје ја поздрави одлуката за стекнување на сопствени акции со откуп, и укажа дека оваа одлука е во интерес на сите акционери. Всушност со купување на сопствени акции ќе се зголеми интересот за акциите на Прилепска пиварница

АД Прилеп, а со тоа и потенцијално зголемување на нејзината пазарна цена на среден и на долг рок.

Исто така, Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје ја поздрави и новата форма на извештајот и вложениот труд. Посебно даде позитивно мислење дека Прилепска пиварница ги следи упатствата и насоките за известување на усогласеност со ККУ, и го има предвид Водичот за ESG донесен од страна на Македонска берза за хартии од вредност. Компанијата има изработено Правилник за заштита на укажувачи, Кодекс на професионално и етичко однесување и Политика за заштита од корупција. Дополнително посочи дека компанијата има потенцијал за остварување на уште повисока добивка од оперативното работење и работењето со финансиските средства.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.